**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# Е К О Н О М И Ј А

**III година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***

***економски техничар, правен техничар,***
***деловен секретар и техничар за трговија и маркетинг***

**Скопје, 2001 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ЕКОНОМИЈА

## 1.2. Образовен профил и група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Економски техничар, правен техничар, деловен секретар и техничар за трговија и маркетинг
1.2.2. Група струки: Економска, правна и трговска струка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Заеднички предмет за струката

## 1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучување): 72 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *економија,* е учениците да стекнат знаења за основните економски закони и категории од областа на микроекономијата, како дел од современата економска наука, со цел самостојно разбирање и објаснување на економските појави.

Од општата цел на наставата по предметот *економија,* произлегуваат и следниве посредни цели:

- ученикот да се запознае со основните поими на економијата како наука;
- да ги разбере основните елементи и фактори на понудата и побарувачката, приватно на побарувачката и понудата, како и воспоставувањето на рамнотежа меѓу понудата и побарувачката;
- да ги сфати теориите за вредноста и цените;
- да се запознае со организацијата на производството и сопственичката структура посебно на земјите со развиени пазарна економја;
- да ги идентификува основните економски категории (вкупен призвод, маргинален производ и просечен производ), како категории на теоријата за производството;
- да ги класифицира видовите на трошоци, како и нивното влијание врз приходите и добивката;
- да ја разликува совршената конкуренција како модел за идеално ефикасен економски систем од непотполната конкуренција (монопол и олигопол);
- да ги објасни факторите на производство и нивното пазарно вреднување;
- да се запознае со пазарот на капитал и основните видови на хартии од вредност;
- да ги разбере наемнините, понудата и побарувачката на трудот, како и врамнотежувањето на пазарот на трудот;
- да се запознае со значењето на регулацијата и дерегулацијата на стопанските сектори.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од наставниот предмет *економија,* односно за постигнување на поставените цели, потребни се основни знаења стекнати од наставните предмети *основи на бизнисот* за I и II година и *сметководство* за II година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ЕКОНОМСКАТА НАУКА** | **11** | Ученикот:<br>- да сфати зошто луѓето ја изучуваат економијата;<br>- да ги разликува основните економски концепции за предметот на проучување на економијата;<br>- да ги карактеризира општествените науки;<br>- да ги споредува факторите за производство и ресурсите;<br>- да ги идентификува инпутите и аутпутите;<br>- да го сфати централниот економски проблем што, како и за кого да се произведува;<br>- да го споредува разрешувањето на централниот економски проблем во различни општества. | Наставникот:<br>- презентира видеоснимка или води дискусија на тема основни економски принципи со цел повторување на знаењата стекнати од претходните години;<br>- организира групна работа на тема “Зошто ја изучуваме економијата” и поттикнува презентирање на резултатите од групната работа од страна на групите, води дискусија и донесува ЛЦД проектор заеднички заклучоци со учениците. | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематски целини:<br>- економика на бизнисот;<br>- трошоци;<br>- Основни економски принципи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПОБАРУ-ВАЧКАТА И ПОНУДАТА** | **8** | - да се запознае со основните елементи на побарувачката;<br>- да ги сфати факторите кои ја условуваат побарувачката;<br>- да ја објасни кривата на побарувачката;<br>- да ја илустрира графички кривата на побарувачката;<br>- да се запознае со основните елементи на понудата;<br>- да ги сфати факторите кои ја условуваат понудата;<br>- да ја објасни кривата на понудата;<br>- да ја илустрира графички кривата на понудата;<br>- да ја истакне точката на врамнотежување на понудата и побарувачката (“чистење на пазарите”). | - води насочена дискусија за понудата и побарувачката;<br>- графички ја прикажува кривата на понуда и побарувачка со примена на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор. | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- економика на бизнисот. |
| **3. ТЕОРИЈА ЗА ВРЕДНОСТА И ЦЕНИТЕ** | **4** | - да разбуди интерес за размислување за парадоксот на вредноста;<br>- да го сфати значењето на теориите за вредноста и цените;<br>- да ја разбере објективната | - води насочена дискусија за теориите на вредноста и цените;<br>- презентира и дискутира по одредени написи во стручни списанија и друга стручна | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- економика на бизнисот.<br>*2. Основи на бизнисот за II година* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | теорија за вредноста;<br>- да го согледа значењето за субјективната теорија на вредност;<br>- да споредува субјективна и објективна теорија. | литература која можат да ја прибираат и учениците. | Тематска целина:<br>- формирање на цена. |
| **4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОИЗВОД-СТВОТО И СОПСТВЕНИЧ-КАТА СТРУКТУРА** | **6** | - да ги прошири знаењата за малите и средните претпријатија;<br>- да ги разликува малите, средните и големите претпријатија;<br>- да го разбере развојот од фирма преку партнерство до корпорација;<br>- да се информира за корпорациите во пазарната економија;<br>- да се разбере сопственичката структура во земјите со пазарна економија. | - поттикнува користење на стручна литература списанија – самостојно читање;<br>- организира видеопрезентација за мали, средни и големи претпријатија;<br>- води насочена дискусија со учениците;<br>- организира работа во група за изготвување на проекти преку претставување на едно претпријатие – мало, средно или големо со изготвување на извештаи и презентирање на резултатите од проектот. | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- карактерот на бизнисот.<br>*2. Основи на бизнисот за II година*<br>Тематска целина:<br>- улогата и значењето на малиот бизнис. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. ОСНОВИ НА ТЕОРИЈАТА ЗА ПРОИЗВОД-СТВОТО** | **6** | - да се запознае со значењето на производната функција;<br>- да го разбере вкупниот, просечниот и маргиналниот производ;<br>- да ги идентификува факторите на производство;<br>- да ги објасни комбинациите и рекомбинациите на факторите на производството;<br>- да го разберат поимот за вкупен маргинален и просечен производ.<br>- да го разбере табеларното и графичкото прикажување на маргиналистичката анализа. | - организира и координира групна работа за прикажување на производните функции, вкупните, просечни и маргиналните производи, преку презентација на резултатите од групната работа со графичко и табеларно прикажување и донесување на заеднички заклучоци со учениците;<br>- користи хамер, ЛЦД проектор или графоскоп. | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- економски субјекти. |
| **6. АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИТЕ** | **6** | - да се запознае со поимот трошоци;<br>- да ги разликува вкупните и просечните трошоци;<br>- да ги разбере фиксните и варијабилните трошоци;<br>- да ја елаборира поврзаноста помеѓу приходите, добивката и трошоците;<br>- да ја согледаат улогата на | - користи табеларни прикази и формули во објаснувањето на трошоците;<br>- координира и води истражувачки проекти за анализа на трошоците преку тимска работа на учениците;<br>- организира вежби преку групна или тандемска | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- трошоци.<br>*2. Сметководство за III година*<br>Тематска целина:<br>- трошоци во сметководството на друштва од производствена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | маргиналните трошоци;<br>- да го објасни значењето на опортунитетните трошоци и нивното влијание. | работа за пресметка на трошоците;<br>- применува ЛЦД поектор или графоскоп. | дејност. |
| **7. ПАЗАРНА СТРУКТУРА** | **7** | - да ги разликува видовите на пазарни структури;<br>- да ја разбере совршената конкуренција;<br>- да ја сфати суштината и облиците на непотполна конкуренција;<br>- да го разбере монополот и бариерите за влез;<br>- да го објасни ограничувањето на конкуренцијата кај олигополот – колузија. | - развива и води дискусија за одделните облици на пазарни структури;<br>- координира изготвување на проекти за одделни облици на конкуренцијата преку групна работа, со презентирање на резултатите од проектите;<br>- поттикнува користење на Интернет, ЛЦД проектор и симулација на реални ситуации;<br>- организира посета на учениците на некој монопол . | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- карактерот на бизнисот.<br>*2. Економија за III година*<br>Тематска целина:<br>- Организација на производството и сопственичка структура. |
| **8. ФАКТОРИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВО И НИВНОТО ПАЗАРНО ВРЕДНУВАЊЕ** | **6** | - да усвои знаења за поимите за цените и доходот на факторите на производство;<br>- да ја објасни побарувачката на факторите на производството;<br>- да го разбере капиталот и | - објаснува, табеларно прикажува и употребува формула за земјишна рента;<br>- поттикнува користње на информации од списанија и стручна | *1. Основи на бизнисот за I година*<br>Тематска целина:<br>- економски субјекти. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | формирањето на каматната стапка;<br>- да го согледа значењето на земјата како фактор на производството и одредување на земјишната рента;<br>- да ја истакне поврзаноста на претприемништвото и профитот. | литература.<br>- организира вежби преку тандемска или групна работа за одделни фактори на производство и презентирање на резултатите;<br>- насочено води дискусија за влијанието на претприемништвото врз профитот. | |
| **9. ПАЗАР НА КАПИТАЛ** | **6** | - да се запознае со поимот пазар на капитал;<br>- да ги разликува основните видови на хартии на вредност;<br>- да го разбере карактерот на примарниот пазар на капитал;<br>- да го идентификува секундарниот пазар на капитал (ефективни берзи);<br>- да ја истакне улогата на електронските берзи. | - презентира обрасци на хартии од вредност и организира вежби за нивно пополнување;<br>- поттикнува и организира работа во група или парови за истражување на пазарот преку самостојно изготвена анкета од страна на учениците.<br>- организира посета на берзи. | *1. Деловно работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- извори на финансирање.<br>*2. Деловно работење за III година*<br>Тематска целина:<br>- девизни берзи. |
| **10. НАЕМНИНИТЕ И ПАЗАРОТ НА ТРУД** | **6** | - да се запознае со поимот и видови наемнина;<br>- да ги идентификува разликите во платите; | - организира и координира дебата за пазарот на труд;<br>- поттикнува користење на | *1. Економијаза III година*<br>Тематска целина:<br>- Фактори на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја објасни понудата и побарувачката на трудот;<br>- да го истакне значењето на пазарот на трудот;<br>- да го објасни врамнотежувањето на пазарот на труд;<br>- да го споредува ортодоксниот со институционалистичкиот пристап. | Интернет за прибирање на информации со цел подобро совладување на темата. | производството и нивно пазарно вреднување. |
| **11. РЕГУЛАЦИЈА И ДЕРЕГУЛАЦИЈА НА СТОПАНСКИТЕ СЕКТОРИ** | **6** | - да ги објасни основните домени на пазарниот неуспех;<br>- да ја сфати државната интервенција и државната регулација;<br>- да ја истакне улогата на приватизацијата како глобален економски процес;<br>- да ја разбере дерегулацијата на државата. | - објаснува и поттикнува дискусија за регулација и дерегулација;<br>- ги поттикнува учениците за прибирање на информации за приватизацијата и води дискусија на оваа тема. | *1. Економијаза III година*<br>Со претходната тематска целина. |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

За реализација на наставата по наставниот предмет *економија*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи,* ќе се користат: водење на насочена дискусија, демонстрација, играње на улоги,

решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот:* организира, планира, подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува на дискусии, објаснува, поставува прашања, оценува и поттикнува на самооценување од страна на учениците, симулира процеси и реални ситуации, презентира.

### 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *економија,* се изведува преку теоретска настава во

училница каде што учениците ќе стекнуваат пред с# когнитивни и афективни компетенции, преку организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници – стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и трговските друштва, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет, се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои можат да се изведуваат дома и во училиштето.

Образовните активности по предметот *економија,* се организирани во две полугодија, четири тримесечија и неделен распоред на часовите.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *економија,* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, шеми и сл.

Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, публикации и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења за секоја тема одделно, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на у£ебната година, у£ениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на Наставната програма, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по економија, со здобиени педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За реализација на Наставната програма по *економија*, ќе се користи училница опремена со наставни средства, помагала и опрема согласно нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај, 2001 година
**7.2. Датум на превземање:** мај 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Снежана Димовска, советник, Биро за развој на образованието, Скопје
2. Д - р Таки Фити, професор, Економски факултет, Скопје
3. Марица Стојковска, наставник, ДСЕПУ “Васил Антевски - Дрен”, Скопје
4. Јагнија Ангеловска, наставник, ДСУЕБ “Арсени Јовков” , Скопје
5. Предраг Јакимовски, советник, Стопанска Комора на Македонија, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за *економија,* ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение број 11-2934/1 од 27.06.2001 година.